# ОДАНОЧУВАЊЕ СО ДАНОК НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

## Даночен обврзник за цели на ДДВ

Даночен обврзник на данокот на додадена вредност (ДДВ) е лице кое трајно или повремено самостојно врши стопанска дејност, независно од целите и резултатите од таа дејност.
Даночни обврзници за ДДВ можат да бидат правни и физички лица, како и здружувања на лица кои остваруваат приходи во рамките на нивната стопанска дејност.
Даночен обврзник за ДДВ може да бидат и лица кои се правно независни и кои се тесно поврзани сопственички, организациски или управувачки - поврзано лице за ДДВ.

## Задолжителна регистрација за ДДВ

Обврска да се регистрираат за целите на данокот на додадена вредност имаат даночните обврзници кои:
- во претходната календарска година оствариле вкупен промет повисок од 2.000.000 денари;
- во текот на календарската година остварат вкупен промет над 2.000.000 денари;
- отпочнуваат со вршење на стопанска дејност, доколку предвидуваат дека ќе остварат промет над 2.000.000 денари.

## Доброволна регистрација за ДДВ

Доброволно за целите на данокот на додадена вредност може да се регистрираат даночните обврзници кои:
- во претходната календарска година оствариле промет помал од 2.000.000 денари на годишно ниво;
- отпочнуваат да вршат стопанска дејност, но заради висината на претпоставениот промет не се обврзани за регистрација за ДДВ, што значи дека претпоставуваат дека ќе остварат промет помал од 2.000.000 денари.

Регистрацијата за ДДВ се врши со поднесување на Пријава за регистрација за данокот на додадена вредност (образец “ДДВ-01”).
Лицата кои сакаат да се регистрираат како поврзано лице за ДДВ поднесуваат Пријава за регистрација за данокот на додадена вредност на поврзани лица (образец “ДДВ-01/ПЛ”).

## Предмет на оданочување, даночна стапка и основа за пресметување на данокот

Со данокот на додадена вредност се оданочува прометот на добра и услуги кој се врши со надоместок во земјата од страна на даночниот обврзник во рамките на неговата стопанска дејност и увозот на добра. ДДВ се пресметува според пропорционални даночни стапки и тоа: општа даночна стапка од 18% и повластени даночни стапки од 10% и 5%.
Даночна основа на данокот на додадена вредност е вкупниот износ на надоместокот што е добиен, или што треба да се добие за прометот, во кој не е вклучен данокот на додадена вредност. Кон надоместокот припаѓа се што примателот на исполнувањето го дава за да прими добро или да користи услуга (ДДВ не припаѓа кон надоместокот).
- За прометот во земјата - даночна основа е вкупниот износ на надоместокот што е добиен или што треба да се добие за прометот, во кој не е вклучен ДДВ.
- При земање на добра кои се дел од имотот на претпријатието за лични потреби на даночниот обврзник или на вработените кај него, при промет на добра без надоместок спрема сопствениците на влог, членовите и ним блиски лица, како и при задржување на добра од даночниот обврзник при престанок со вршење на стопанската дејност - набавната цена или доколку истата не постои, цената на чинење во моментот на прометот.
- При користење на добрата кои се дел од имотот на претпријатието за лични потреби на даночниот обврзник или

вработените кај него, при вршење услуги без надоместок за лични потреби на даночниот обврзник и вработените кај него или спрема сопствениците на влог, членовите и ним блиски лица - издатоците за извршената услуга.
- Кога надоместокот за прометот на доброто или за услугата се состои целосно или делумно во промет на друго добро или услуга - пазарната цена на добиеното добро или применета услуга.
- За прометот остварен по пат на лицитација - постигнатата крајна цена.
- При промет на употребувани добра (употребувани моторни возила, уметнички и колекционерски предмети и антиквитети) - разликата меѓу продажната и набавната цена, ако за испораката спрема даночниот обврзник не се должи данок.
- При увоз на добра - даночна основа е вредноста на увезеното добро утврдена според царинските прописи.

## Даночни периоди за пријавување и плаќање на данокот

Периодот за кој се пресметува и плаќа ДДВ е даночен период, кој во зависност од остварениот промет може да биде:
- **календарски месец** - доколку вкупниот промет во изминатата календарска година надминал износ од 25 милиони денари.
- **календарско тримесечје** - доколку вкупниот промет во изминатата календарска година не надминал износ од 25 милиони денари.

Пријавувањето на данокот кој се должи или побарува од страна на даночниот обврзник се врши со поднесување на Даночна пријава на данокот на додадена вредност (образец "ДДВ-04"). Рокот за поднесување на ДДВ-пријавата и за плаќање на данокот е до 25-ти во месецот, по истекот на даночниот период за кој е регистриран даночниот обврзник. Даночните обврзници кои се регистрирани за целите на ДДВ имаат обврска даночната пријава на ДДВ да ја поднесуваат по електронски пат https://etax-fl.ujp.gov.mk

## Враќање на данокот на додадена вредност

Доколку претходниот данок во одреден даночен период е поголем од износот на данокот кој е пресметан за прометот, разликата му се враќа на даночниот обврзник врз основа на негово барање искажано во даночната пријава "ДДВ-04". Доколку даночниот обврзник не искаже барање за враќање на ДДВ, разликата се пренесува како аконтација во следниот даночен период. Рокот за враќање на данокот е 30 дена, по денот на поднесување на даночната пријава.
Даночните обврзници кои имаат намера да го отстапат побарувањето за ДДВ, за намирување на даночен долг на друг даночен обврзник, преку преземање на долгот во нотарски заверена изјава (даночен гарант), истото треба да го искажат во даночната пријава "ДДВ-04". Во овој случај даночните обврзници во рок од 5 дена треба да поднесат Барање до надлежната РД со прилог потребни документи. Барањето за отстапување на разликата на данок може да се искаже во даночната пријава "ДДВ-04" само доколку даночните обврзници немаат долгови по основ на други јавни давачки

## Даночни ослободувања и поттикнувања

Даночните ослободувања и поттикнувања за ДДВ може да бидат:
- во земјата без право на одбивка на претходниот данок;
- во земјата со право на одбивка на претходниот данок;
- при увозот;
- за посебните субјекти преку враќање на ДДВ;
- за дадени донации во јавните дејности; и
- директно даночно ослободување на прометот на добра и услуги наменети за реализација на проекти финансирани од странски донатори и од ИПА фондови.

## Информирајте се повеќе за данокот на додадена вредност!
Интернет страницата на УЈП www.ujp.gov.mk ви овозможува брз и лесен пристап до публикациите, даночните информации и обрасци. Ви препорачуваме да ги преземете даночните информации за оданочување со ДДВ преку http://www.ujp.gov.mk/mk/vodic/category/141
Инфо центарот на УЈП, преку бесплатната телефонска линија 0800 33 000, ви овозможува да заштедите време и да користите лесна и брза комуникација со даночната администрација за општите прашања во врска со оданочувањето, одделните даночни процедури и постапки за плаќање.